РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец март 2024

Април, 2024

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 1

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 2

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 3

Јавни набавки ..... 3

Реализација на буџет ..... 4

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), а согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 37/2024), и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 37/2024), **започнатите постапки за вработување на административни службеници се ставаат во мирување.**

# Испит за административно управување

Во текот на месец март 2024 година спроведени се 7 испити за административно управување на кои се пријавиле 16 кандидати. Од нив на испитот се појавија 8 кандидати од кои испитот го положиле 4 кандидати (50%), а не го положиле 4 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 15 се вработени во јавен сектор и еден пријавен е невработен.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 16 | 8 | 4 | 4 | 15 | / | 1 |

*Табела 1. Административно управување март 2024*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на март 2024 година беа поднесени 28 жалби и приговори на административните службеници, од кои 27 жалби и приговори на државните службеници и 1 жалба на јавните службеници.

Во месец март 2024 година во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 6 седници, на кои беше одлучено по 27 жалби и приговори, од кои 24 жалби и приговори на државните службеници и 3 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 18 предмети од месец март преминуваат во месец април 2024 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 24): одбиени се 6 жалби, уважени се 14 жалби, отфрлени 2 жалби и ненадлежност 2 жалби.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 3): одбиена е 1 (една) жалба и уважени се 2 жалби .

| **Број на примени жалби и приговори** | | **Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј)** | | **Уважени** | | **Одбиени** | | **Отфрлени како недозволени** | | **Отстапени на друг орган** | | **Повлечени од подносител** | | **Не надлежност** | | **Мериторно уважени** | | **Мериторно одбиени** | | **Запрена постапка** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 27 | 1 | 24 | 3 | 14 | 2 | 6 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / |

*Табела 2. Обработени жалби во март 2024*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец март 2024 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 19 предмети од кои 5 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 14 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Управен суд (5); Основен суд Битола (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (1); Државен управен инспекторат (1); Општина Битола (1); адвокат (1) и административен службеник (4).

Во текот на месец март 2024 година, вработени од Агенцијата присуствуваше на:

- Присуство на обука  на лица кои ќе вршат ажурирање или валидација на вредности по индикатор-РЈА, одржана на 18.03.2024 година, организирана од Секретаријат за европски прашања.

-Преставници од Агенција учествуваа на работна средба во оценската мисија СИГМА со цел за  обезбедување и внесување на податоци и информации во информатичкиот систем на СИГМА. Истата се одржа на ден 20.03.2024 година, организирана од Министерството  за информатичко општество и администрација.

-Присуство на работен состанок за изработка на листа на индикатори за мерење на дискриминација на тема:„Медиуми и јавно информирање,одбрана и безбедност, етика и извршување на санкции“ одржан на ден 20.03.2024 година,организиран од страна на Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и ХОПС-Опција за здрав живот.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 25 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 3 електронски пораки, неодговорена е 1 електронска порака, а за 21 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.Јавни набавки

Во текот на месец март 2024 година, донесени се 3 Одлуки за јавни набавки и објавени се 3 огласи на ЕСЈН, донесени се 2 Одлуки за избор и склучени се 3 Договори за јавни набавки со вкупна вредност од 686.000,00 без ДДВ или 793.880,00 со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 2 | 3 |

*Табела 3. Јавни набавки март 2024*

# Реализација на буџет

Во месец март 2024 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 20214година | Реализација на буџетот до 31.03.2024 | Реализација на буџетот од 01.03.2024 – 31.03.2024 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2024 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 26.987.000,00 | 6.368.401,00 | 2.059.557,00 | 20.618.599,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 10.256.000,00 | 2.476.612,00 | 799.645,00 | 7.779.388,00 |
| ***404-надоместоци*** | 616.000,00 | 0 | 0 | 616.000 |
| ***414 – капитални резерви-купување на опрема и машини*** | 97.500,00 | 0 | 0 | 97.500,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 60.000,00 | 0 | 0 | 60.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 3.070.000,00 | 824.446,00 | 268.176,00 | 2.245.554,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 400.000,00 | 77.660,00 | 49.225,00 | 322.340,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.500.000,00 | 261.978,00 | 30.584,00 | 1.238.022,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.600.000,00 | 199.066,00 | 115.457,00 | 1.400.934.,00 |
| **426-други тековни расходи** | 300.000,00 | 22.303,00 | 9.264,00 | 277.697,00 |
| **464-разни трансфери** | 176.000,00 | 77.202,00 | 0 | 98.798,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 552.500,00 | 0 | 0 | 552.500,00 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.360.000,00 | 798.466,00 | 0 | 1.561.534,00 |
| ВКУПНО | **47.975.000,00** | **11.106.134,00** | **3.331.908,00** | **36.868.866,00** |

*Табела 4. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*